Мирко ЃОШЕВСКИ

# СТАТУСОТ НА ЧОВЕКОТ ВО ФИЛОЗОФИЈАТА НА БИТИЕТО НА XX ВЕК

Во европската филозофска традиција диференцирани се три големи теми: битието, познанието, вредностите. Нивното присуство регистрирано е и во бројните филозофски правци, школи и струења во филозофијата на XX век. Всушност, строго говорејќи, скоро е невозможно да се пронајде некаква единствена тематска целина по која би била препознатлива филозофијата на овој век или поточно на изминатите 96 години. Меѓу споменатите правци, струења и школи, постои толкава дивергентност така што е невозможно да се дојде до формулите во кои би се покажало некакво единство на оваа човечка дејност. Затоа, во една строга смисла, не би можело да се говори за филозофијата која би била карактеристична за нашиот век. Можно е да се назначат само некои глобални тематски текови. Така во однос на застапеноста на традиционалните теми, во кои се решава статусот на човекот воопшто, може да се констатира следната состојба.

1. Од прегледот на најистакнатите правци и школи, на најзначајната и највлијателната филозофска продукција, јасно може да се согледа дека во филозофската дејност на XX век доминираат темите од сферата на човечкото познание. Филозофијата на XX век, по својата тематска определеност, главно, е епистемолошка. Векот на науката и технико-технолошкиот прогрес предизвикал силен интерес за унапредување на научното познание. Можеби, токму овој факт непосредно ја детерминирал епистемолошката насоченост на филозофијата на нашето доба. Така и се случило главнината на интелектуалните сили да биде привлечена од позитивистичките и непозитивистичките размислувања врз разграничувањето на научните од филозофските (метафизичките) искази.

2. На второ место доаѓаат прашањата посветени на истражувањето на човечките вредности - смислата на човечкото делување. Кои и какви вредности треба да бидат остварени за исполнувањето на смислата на човечката егзистенција? Има ли воопшто некоја смисла човечката егзистенција? За решавањето на прашањата од ваква приро-

да од филозофијата се барало да биде орудие за промена на светот (марксизам), раководство или упатство за успешната и корисна акција на поединецот (прагматизам), да биде начин, стил, мода, на човечкото постоење (егзистенцијализам). Веројатно, не сме далеку од вистината ако детерминантите на оваа тематска ориентација ги бараме во историската драма на европското човештво во првата половина на XX век.

3. Конечно, третманот на проблематиката на битието, иако помалку застапен во однос на претходните теми, сепак и дава едно од битните обележја на филозофијата на XX век. Како треба да се промисли основата на светот? Што им е заедничкото на толку различните суштества? Што е битието на суштествувачкото? Ваквите прашања, од античките јонски мислители, од Платон и Аристотел, па се до Хајдегер, не престанале да ги вознемируваат и преокупираат филозофски определените духови. Разбирливо е дека со расправањето и решавањето на оваа проблематика на одреден начин се расправа и решава статусот на самиот човек: неговата положба, место и улога во светот. За филозофијата на овој век карактеристично е дека трагањето по одговорите на прашањата за битието, по правило, завршува со согледувањата на одредени антрополошки перспективи - суштествени за определувањето на статусот на човекот во светот. Тешко би било да се трага по детерминантите на филозофијата на битието во некаков гносеолошки или социјално-историски клуч. Можеби, клучот е во самата човечка природа, во танталовски незгасливата жед за познание на целината на суштествувањето, за одгатнувањето на тајните на метафизиката.

Онтолошките теми во филозофијата на XX век par exelance се присутни во: марксистичката филозофија сфатена како дијалектички материјализам, егзистенцијалистичката филозофија на Мартина Хајдегер и критичката онтологија на Ноколај Хартман. Се чини дека токму во споменатите филозофски учења е содржано она репрезентното за онтологијата на нашиот век. Затоа ќе го задржиме вниманието врз некои од овие решенија на онтолошкиот проблем кои го детерминираат истовремено и решавањето на човечкиот статус.

## I

За марксистичката филозофија во нејзината дијалектичко материјалистичка верзија, решението на онтолошкиот проблем е од пресудно значење за сферата на познанието и практичното делување. Дури и при сето одбивање на онтологијата како остаток на метафизи-

ката во лошата смисла, сепак, дијалектичкиот материјализам, главно, останува онтологистичка филозофска докгрина. Тоа се гледа од неговите клучни тези, содржани во следните формулации:

1. Единството на светот се состои во неговата материјалност (Енгелс).

2. Мислењето (психичкото воопшто) се јавува само како производ или функција на една материја со висок степен на организираност.

3. Начинот на постоењето на материјата е движењето во просторот и времето.

4. Движењето е вечно и апсолутно (сеопфатно), а мирувањето само привремено и релативно (делумно).

5. Материјата се движи, менува и развива според универзалните - дијалектичките закони.

Исходувајќи од овие тези дијалектичкиот материјализам пристапува кон нивната конкретна разработка, спроведувајќи ја својата регионализација на битието кое за него е идентично со самата материја. Тоа се сферите на природата (анорганскиот и органскиот свет), општеството (светот на човечката историја) и човечкото мислење (познанието). Соодветно на овие подрачја на суштествувачкото ги имаме и подрачјата (дисциплините) на дијалектиката: дијалектиката на природата (природните науки и нивната епистемологија), дијалектиката на општествено-историскиот процес (историскиот материјализам) и дијалектиката на познанието (дијалектичката логика). За дијалектичкиот материјализам првостепено значење има дијалектиката на природата, затоа таа се јавува како примарна и детерминирачка во однос на историјата и човечкото мислење. За дијалектичките материјалисти никако не може да се доведе под сомнение ставот дека објективната дијалектика владее во сета природа, а дека субјективната дијалектика или дијалектиката на човечката глава е само нејзин рефлекс.

Во рамките на изложениот онтолошки концепт човекот првенствено е сфатен како природно, а потоа и како општествено и мисловно суштество. Но, тоа само значи дека човечкото суштество е подложно на тројниот детерминизам: природните закони, законите на општеството и законите на мислењето. Окован во овој троен детерминизам, згора врз кој доаѓа и обрачот на универзалниот дијалектички детерминизам, човекот останува без вистинскиот простор за слободното дејствување, за одговорноста и за остварувањето на творечките вредности. Ништо овде не помага кога се истакнува дека секој од овие детерминизми се манифестира на специфичен начин. Нема никаква утеха во тоа ако човечката неслобода се нарекува дијалектика. Да си ги замислиме следните човечки ситуации: човекот опседнат со грижи

за сопствениот физички опстанок, револуционерот раскинуван од дилемата - да дејствува според личните мотиви (љубов, пријателство, омраза) или според барањата на кодексот на својата идеологија и партијата на која и припаѓа, научникот кој до изнемоштеност трага по решението на проблемот кој долго го измачува. Колку вистински би им помогнало на овие очајници сознанието дека нивната ситуација е израз на крајно сложеното дијалектичко единство на спротивности!? Најмногу што човек може да постигне на планот на слободата е согледувањето или познанието на нужноста, познанието на неизбежните закони и свесното потчинување на нивното дејство. Најголема доблест е да се работи секогаш во интерес на колективот, партијата, класата, поредокот на кој му се служи. Најголемиот човечки подвиг е сопственото прометејско жртвување за општото добро.

Основниот проблем во онтолошката визија на дијалектичкиот материјализам останал самиот човек. Отсуствува вистинската грижа за човекот, т.е. хуманзмот како грижа за остварувањето на индивидуалната слобода, творештво и смисла на животот. А таа грижа не е грижа за некаков апстрактен човек - колектив, класа, род, - туку грижа за човекот како носител на единствена и неповторлива егзистенција. Согледувајќи ја оваа огромна слабост на дијалектичкиот материјализам, мнозина марксисти, како негови приврзеници така и критичари, инсистираат на нераскинливата врска на дијалектиката и хуманизмот. Се именува марксистичката филозофика како „дијалектички материјализам и хуманизам". Се трага по утврдувањето на суштинските врски на автентичното Марксово поимање на дијалектиката со хуманизмот инспириран од неговото дело. Се бара решение на проблемот како дијалектиката да се направи хуманистичка, а хуманизмот дијалектичен.[1]

## II

Филозофијата на битието како една од трите најзначајни тематски ориентации во филозофијата на XX век најцелосно е артикулирана во опусот на Мартин Хајдегер, поточно во неговата *фундаментална онтологија*. Славен и клеветен, натценуван и потценуван, влијателен и игнориран, сепак, овој филозоф е еден од најголемите мислители на XX век, а неговото дело *Битие и време* - една од најзна-

1. Мошне индикативни за поставувањето и решавањето на оваа проблематика во југословенската марксистичка филозофија се студиите на: Душан Недељковиќ и Михаило Марковиќ. (Види, D. Nedeljković, Humanizam Marksove dijalektike i dijalektika humanizma danas, Beograd, 1978, M. Markoviћ, Humanizam i dijalektika, Prosveta, Beograd, 1967.).

чајните книги на нашето доба.[2] Со ваквата оценка може да се одбегнат крајностите и да се пристапи трезвено и објективно кон истражувањето на неговото дело.

Почетната размисла на Хајдегер е вдахновена од познатиот фрагмент на Платоновиот дијалог Софист:

„Несомнено вам ви е добро познато што всушност мислите кога говорите за она што постои; ние досега верувавме дека тоа го разбираме, но, ете, сега сме во недоумица." [3]

Ни денес не сме во подобра ситуација со разбирањето на зборот „битие" - констатира Хајдегер. Но поради тоа не запаѓаме во никаква незгода. Токму затоа требало да се пробуди разбирањето на смислата на битието. Расправањето на ова прашање го тематизира сиот контекст на *Битие и време.*

Проблемот кој самото достоинство на филозофијата го налага не е проблемот на човекот, уверен е Хајдегер. Тоа за него може да биде само проблемот покренат од Платон и Аристотел, проблем поставен во мигот на најголемата смелост на филозофската мисла: проблемот на битието. Но, Хајдегер смета дека дошло до заборав на смислата за разбирањето на овој проблем. Затоа, тој се зафаќа со задачата одново да ја пробуди оваа смисла, вклучувајќи се во оваа, како самиот вели, гигантоманија! [4]

Меѓутоа, ако од една ваква транспарентна најава на авторот сме очекувале некаква онтолошка аналитика, која по дефиниција ќе треба да биде рамнодушна кон човекот или било кој субјект, тогаш нашето очекување останува неисполнето. Уште од самиот наслов на првиот дел на *Битие и време* следува изненадувачкиот пресврт: Битието или Битие (Sein) може да се сфати, открие, поима само во и низ присуството човеково, т.е. како Овде-Битие (Dasein).[5] Така излегува дека човекот е клучот за откривањето и разбирањето на тајната смисла на Битие.

Се смета дека врз Хајдегеровата онтологија решавачко било влијанието на славниот и неизбежен Имануел Кант. Лекцијата од Кант дека она што успеавме вистински да спознаеме не е светот на стварите по себе, туку само светот на феномените како наши мисловни конструкции, изгледа дека премногу силно го детерминирала и Хајдегеровиот начин на мислење.

---

2. Со оваа умесна претпазливост Гајо Петровиќ се обидува да ги одбегне крајностите во потценувањето и преценувањето на Хајдегеровото филозофско дело. (Види, Gajo Petrović, „Uvod u 'Sein und Zeit'", во книг.: M. Heidegger, Bitak i vrijeme, Naprijed, Zagreb, 1988,. стр. X.).

3. Платон, Софист, 244а.

4. M. Heidegger, Bitak i vrijeme, Naprijed, Zagreb, str. 1.).

5. Исто, стр. 14.

Овој пресврт од очекуваната објективна онтологија кон онтологијата определена од субјектот или човекот, во извесна смисла ја чини оправдана оценката дека Хајдегер ја насочува својата онтологија кон антропологијата, дека сето она што го открива за битието важи и за самиот човек. Затоа, Хајдегеровата „фундаментална онтологија“ само е друго име за една филозофска антропологија.[6] А за определувањето на статусот на човекот воопшто во прв ред е повикана токму филозофската антропологија.

Битните одредби кои го определуваат статусот на човекот во Хајдегеровата филозофија на битието, според еминентниот познавач на неговото дело - Жан Бофре, би се состоела во следните ставови.[7]

1. Единствениот начин или единствената можност на човековото остварување на неговото присуство во светот е да биде „Битие-во-светот“ (In-der Welt-sein). Значи, она што го овозможува човекот како „Овде-битие“ (Dasein) не е тоа што тој стварно егзистира, туку тоа дека неговата суштинска конституција ја чини „битие-во светот“.

2. Можноста на „Овде-битие“ како „Битие-во-светот“ значи дека се остварува како една отвореност или просветленост на човечкото суштество (Erschlossenheit). Всушност, овде Хајдегер настојува да ја истакне свеста како човекова специфика, но одбегнува да говори за неа во традиционалната смисла, затоа го избира токму овој збор што буквално треба да означува: отворена состојба на битието. Тој радо се служи со метафората „светлина“, настојувајќи да истакне дека човек од себе самиот го расветлува своето суштествување во светот, без било каква надворешна интервенција. Свеста не пробива однадвор во „Овде-битие“, напротив самото „Овде-битие“ значи исполнетост со свест од врвот до сопствениот корен. Само човекот како израз на отвореност на Битие поседува моќ на расветлување на сопственото постоење и постоењето воопшто.

3. За фундаменталната егзистенција каква што може да поседува само суштеството исполнето со свест- човекот, неминовно е постојаното напрегање да се одржи на нивото на своите можности (Verstehen). Бидејќи, Битието-во-светот поради неговата отвореност суштински претставува една „Моќ-да-се-биде“. Човекот себеси секогаш ќе се открие во полетот или замавот на остварувањето на еден проект. За да биде на висината на поставените задачи тој постојано е упатен кон преиспитувањето на сопствените можности. Но, човек не е исполнет само со моќта, туку често се открива и како немоќ да биде она во што се проицира. Тој е суштество на повлекувањето и неуспехот.

---

6. Види, Јонче, Јосифовски, *Што е метафизика*, Култура, Скопје, 1964, стр. 81.

7. Žan Bofre, Uvod u filozofija egzistencije Beogradski izdavačko-grafički zavod, Beograd, 1977, стр. 53-63.

4. Чувството на присутност и моќ соочено со состојбите во кои ништо не можеме да измениме е големата тема на Хајдегеровата филозофија: фрленост во светот (Geworfenheit). Човекот е тука не поради било што, туку така. Тоа е фактицитетот на егзистенцијата, па од него се нема каде.

5. Покрај постојаната упатеност на преиспитувањето на сопствените можности и чувството на фрленоста во светот, човекот како Битие-во-светот се одликува и со трета особеност: запаѓањето во неавтентичност (Verfallen). Религијата и филозофијата мошне добро знаат дека човек најчесто нема сили да биде на височината на својата вистина. Изгубен во секојдневието, забавата, загубите со кои се соочува, човек е постојано изложен на падот во неавтентичност.

Хајдегер е уверен дека ја пронашол општата формула во која може да се обединат одликите или егзистенцијалите на човечкото суштество, синтетизирајќи ги последните три одлики во најизвесното човечко искуство - искуството на грижата (Sorge). Според Хајдегер човекот е далеку од тоа да биде суштество на чисто расудување, туку првенствено е суштество на грижата. Напорот да се одржи нивото на сопствените можности, да се совлада фрленоста во светот и да се одбегне падот во неавтентичноста, постојано го вработуваат човекот отаде и неговата опседнатост од грижата. Токму на анализата на оваа категорија Хајдегер и посветил централно место во неговата студија *Битие и време.*

## III

Во онтологијата Николај Хартман го согледува темелот на секое знаење. Како филозоф Хартман се обидел со максимална објективност, строгост и непристрастност да го промисли овој темел. Традиционалната онтолошка дихотомија на материјализмот (реализам) и идеализмот Хартман ја отфрла како можна рамка за решение на онтолошкиот проблем. Не е задоволен ниту со Хајдегеровото решение, бидејќи го супституира проблемот на битието со проблемот на смислата. Според Хартман една критичка онтологија не е можно да се изгради без вградувањето на резултатите од посебните подрачја на знаењето - егзактните науки.

Своето трагање по реалното битие Хартман го изложува во *Новите патишта на онтологијата*[8]. Критичката онтологија го открива битието преку:

8. Nikolaj Hartman, Novi putevi ontologije, Beogradski izdavačko-grafički zavod, redakcija Kultura, 1973.

1. Слоевитата и степените структура на светот:

- *анорганскиот* слој, т.е. светот на суштествата на мртвата природа;

- *органскиот* слој или светот на живите суштества;

-*душевното* - слојот што ги опфаќа психичките феномени, т.е. повисоката организација на животот;

- *духовното* - човекот или човечката заедница, чие постоење се должи на интелектуалните функции.

2. Законите за односите меѓу слоевите на реалниот свет.

На аналитиката на законите кои ги изразуваат односите меѓу категоријалните слоеви на реалното битие Хартман и посветил централното место во неговата критичка онтологија. Секој од слоевите има сопствен категоријален склоп и автономија во однос кон другите слоеви. Но и покрај разликите постојат и заеднички категории и закони. Меѓу законите кои го изразуваат односот на категориите позначајни се:

- *законите на слоевањето*, кои ги покажуваат односите на нижите и вишите слоеви - категориите на вишите слоеви никогаш не се среќаваат во нижите (нема душа и дух во анорганското), но категориите од нижите слоеви преминуваат во вишите, протокот на категориите е секогаш еднонасочен;

- *законите на депенденцијата* на слоевите ја покажуваат нивната меѓусебна зависност и автономност, т.е. вишите слоеви не постојат без нижите, во таа смисла нижите се детерминативно посилни, но вишите доведуваат до категоријални *Новуми*, па со тоа поседуваат *автономија* во однос на нижите.

Критичката онтологија на Хартман е вперена против идеализмот затоа што не ја признавал категоријалната зависност на вишето (духовното) од нижите слоеви и против материјализмот кој не се покажал кадарен да го реши проблемот на автономија на духовното.

Од критичката онтологија на Николај Хартман еден единствен заклучок бездруго се наметнува: во човекот се слеваат сите категоријални структури, во него се остварува целосноста на реалното битие. Но, останува отворено и прашањето: како, под кои услови, по која цена, човекот ќе се оствари како целосно витално, душевно и духовно суштество?

* * *

Филозофијата на битието на XX век означува продолжување на големата традиција на европската мисла - метафизиката. Иако дијалектичкиот материјализам тоа го негира отворено, сепак, со својот онтологизам оваа филозофска доктрина, всушност, е метафизика во смисла на прва филозофија. Хајдегер најавува онтолошки радикализам

и обнова на метафизиката. Хартман ја востановува новата критичка и феноменолошка метафизика.

Проблемот на определувањето на статусот на човечкото суштество во изложените три онтолошки учења може да се резимира во следното:

1. Главен проблем за филозофијата на дијалектичкиот материјализам останува грижата за човекот - хуманизмот. Тоа не е грижа за човекот воопшто, туку за автентичната индивидуална егзистенција. Возвишено е саможртвувањето за општиот интерес на колективот, класата, општеството, поредокот. Но, како се остваруваат целите на личната среќа, како да се оствари слободата и одбрани човечкото достоинство?

2. При сета оригиналност на мислата и суптилната аналитика на човечката егзистенција, сепак, со траурните тонови за човекот како суштеството на грижата, Хајдегер навести многу повеќе проблеми од понудените решенија. И кај него останаа потценети „малите", но толку значајни човечки цели како: животната радост, среќата, пријателството, љубовта, наградите и признанијата за својот труд и човечки вредности. Отсуството на оваа позитива во егзистенцијалната анализа кај највлијателниот филозоф во нашиот век треба сериозно да не загрижи, особено доколку е точна неговата дијагноза за состојбата на човечкото суштество.

3. Во својата нова онтологија Николај Хартман ни демонстрира образец на сериозна и темелна филозофска размисла за битието, со јасна порака: целосноста на битието, а со тоа и на човечкото суштество, останува недофатлива, т.е. непознавлива и неостварлива, без достигнувањето на највисоката аксиолошка просветленост - духовното. Да се дојде до целосното и осмисленото суштествување е сигурно највозвишената, најубавата и најтешко достижната цел. Но, како што би рекол Спиноза, се што е возвишено и благородно е исто толку ретко како што е и тешко достижно. Можеби, тоа е задачата на човекот за идното столетие.

Mirko GOŠEVSKI

## DER STATUS DES MENSCHEN IN DER SEINPHILOSOPHIE 20 JAHRHUNDERT

(Zusammenfassung)

Die drei grossen Themata der europäichen philosophischen Tradition - des Seins, der Erkentnnis und der Werte - sind auch in den zahlreichen philosophischen Richtungen und Strömungen der 20 Jahrhundert präsent. Fur die Seinphilosophie dieses Jahrhundert ist ihr enger Zusammenhang mit der philosophischen Anthropolgie kennzeichnend. Die Lösung des Problems des Seins impliziert, daher, die Lösung des Status des Menschen in der Welt. Charakteristische anthropologische-ontologische Lösungen sind im dialektischen Materialismus, in der Heideggerschen Fundamentalontologie und in der kritischen Ontologie N. Hartmanns zu finden.

Das Hauptproblem des Ontologismus des dialektischen Materialismus ist der Mensch als Individuum, als unwiederholbare Existenz begriffen. Das bedeutet dass die Frage vom Zusammenhang zwischen Dialektik und Humanismus im dialektischen Materialsmus offen geblieben ist.

Behauptet Heideggersche Seinanalytik das Verstehen des Seins im Menschen gefunden zu haben, endet sie, aber jedoch mit pessimistischen Schlüssen von Sinn und Wert menschlichen Daseins.

Die Ontologie N. Hartmanns kommt zu dem Schluss dass sich im Menschen alle kategorielle Strukturen des Seins vereinigen. Es kommt aber darauf an, wie der Mensch als vollkommenes lebendiges, seelisches, und geistiges Wesen sich zu verwirklichen könnte.